исправна состојба. Одговорноста за спремноста на внатрешната инсталација е одговорност исклучиво на корисниците, велат од Топлификација. Полнењето на објектите ќе отпочне на 17 октомври согласно дневниот список објавен на интернет-страницата на Топлификација. ■

ИЛИНДЕН

## Промоција на Стратешки план за ЛЕР 2012-2016 година

Општина Илинден во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје, го изработи новиот Стратешки план за Локален економски развој – ЛЕР, за периодот 2012–2016 година.

Промоција на овој значаен стратешки документ за продолжување на севкупниот развој на општината, ќе се одржи на ден 12.09. (среда), со почеток во 12 часот во аулата на новоизграденото Модуларно училиште во н.Илинден.

Стратешкиот план содржи конкретни цели и акциони планови за одржлив економски и социјален развој во насока на создавање просперитетна иднина во локалната заедница и регионот. На промоцијата се поканети економските министри во Владата на РМ, градоначалници на Скопскиот плански регион, претседатели и претставници на Стопанските комори во Македонија, ЗЕЛС, економски аташеа од амбасадите и странски мисии, директори на банки, економски професори, стопанственици, невладини организации и претставници на месните заедници.

Во соработка со ОБСЕ, Општина Илинден го изработи и првиот Стратешки план за локален економски

ПОДАРОК ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

# Во СОС Детско село ќе се читаат приказни за Филип и Александар

Кардиохирургот Жан Митрев, заедно со министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, на децата без родители од СОС Детското село им подарија 70 парчиња од книгата „Македонски приказни за Филип и Александар". Автор на книгата е доктор Митрев и таа претставува збирка од осум раскази за деца и возрасни каде што се опишуваат славните подвизи на едни од најславните светски војсководци таткото и синот. Приказните ги изразуваат историските факти од животот и владеењето на Филип и Александар во втората половина на четвртиот век пр.н.е. Во книгата читателите може да прочитаат за скротувањето на Букефал, за битката на Херонеја, за битката на Граник, Ис и Гавгамела, за победата на Пор во Индија, за женидбата на Александар.



– Книгата е излезена пред неколку месеци и за мене беа изненадувачки многуте позитивни реакции. Токму и затоа се осмелив да се обратам до една голема издавачка куќа во Америка за да пробам да ја издадам и таму. Последните неколку дена ме известија дека книгата е прифатена за печатење и дека ќе биде печатена во цел свет, а ќе може да се најде и на Гугл и на е-бук. Книгата е едно мое лично видување, значи не е нешто претензија за некакви историски докажувања, туку мое видување за луѓе кои оставиле длабока трага во човечката историја кои не случајно и други се обидуваат да ги присвојат на еден или друг начин. Оваа книга треба да биде поука за децата бидејќи негува универзални вредности кои треба да се негуваат во едно општество како што е љубовта кон татковината, почитување на таткото и фамилијата и борба да се изнајде вистинското решение за да се постигне целта – вели доктор Митрев.

Секоја година Министерството за култура распишува конкурс за откупување на вредни дела и истите ги дистрибуира до сите библиотеки, посочи министерката Канческа.

– Ова дело е една вредна едукативна читанка која ќе послужи за сите генарации да се запознаат со највисоките светски војсководци Филип и Александар, таткото и синот и да го почувствуваат времето на нивното владеење. Во самата книга видов голем број на мудрости и доблести примери кои може да се пренесат од генерации на генерации. Кога го погледнав оваа дело сметав дека е добро да го дадеме на СОС Детското село бидејќи ова се прекрасни македонски приказни за помладата популација. Заедно со него на децата им подаривме од музејскиот водич археологија со цел да се запознат со археолошките локалитети во земјава-пососочи министерката.

Од СОС Детското село истакнаа дека преку приказните на децата ќе им се доближи историјата. Доктор Митрев посочи дека наскоро ќе излезе и неговата медицинска книга која ќе биде сублимација на целокупната 12-годишна работа. ■

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ ОБЈАВИ ПОВИК

# Ќе се гради подземен паркинг кај Собранието



Министерството за транспорт и врски распиша објава за отуѓување на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија по пат на електронско јавно наддавање за изградба на паркинг-простор со подземни нивоа во општина Центар.

...спорт и врски најдоцна до 08.10.2012 година, се вели во соопштението од Министерството за транспорт и врски.

Локацијата, како што појаснуваат од Министерството, се наоѓа во близина на Собранието на Република Македонија, во цен-